Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: 08.04.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0201 | 3137 | | |


Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XLV седница одржана на 11.03.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Извештај за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2023 година од ЈП Плаваја Радовиш бр.0102-188/1 од 21.02.2024 година**

I. Се усвојува Извештај за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2023 година од ЈП Плаваја Радовиш бр.0102-188/1 од 21.02.2024 година, наш бр.08-43/19 од 23.02.2024 година.

II. Овој Заклучок стапува на сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш"

Број 08-482/1
Дата 11.03.2024 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „СОВЕТ НА ОПШТИНАТА" ОПШТИНА РАДОВИШ

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-153/1
22.02. 2024 год.
Радовиш

Врз основа на член 15 од Статутот на ЈП Плаваја – Радовиш , Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.02.2024 год ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за реализација на програмата паркови и зеленило и останати зелени површини за 2023 година**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за реализација на програмата паркови изеленило и останати зелени површини за 2023 година за територијата на општина Радовиш под бр. 0102-188/1 од 21.02.2024 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.
Одлуката и извештајот за реализација на програмата за паркови, зеленило и останати зелени површини за 2023 година да се достави до Совет на општина Радовиш.

ЈП Плаваја - Радовиш
Управен одбор
Претседател
_______________
Наце Димитријев

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр 0102-188/1
21.02. 2024 год.
Радовиш

# ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ


ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
Ул: „Свети Спасо Радовишки“ бр:32, 2420 Радовиш
ЕДБ: MK4023999108401, Жиро сметка: Тутунска Банка 210052660250146
Телефони: (+389) 032/635-323, Факс: 032/635-201
plavaja.radovis@gmail.com


## И З В Е Ш Т А Ј

За реализација на програмата за одржување и користење на паркови и други јавни површини во о.Радовиш за 2023 год.

ЈП Плаваја Радовиш преку своето одд. Зеленило реализираше повеќе активности од донесената програма како и други активности што не се во програмата ,а допринесоа да се добие поубав лик на одредени места.
Во кругот на ЈП Плаваја има направено фолија во која се одгледуваат цвеќиња од сопствено производство кој се засадуваат на цветните површини низ градот. Во целиот период од годината вработените во одд. Зеленило вршат **одржување на фолијата** (подготовка на почвата, посејување, прашење, третирање со препарат, потхранување, наводнување, проветрување, откривање и затварање на расадите и фолијата,пикирање -пресадување на цвеќињата во леи,откопување на цвеќињата и нивно откорнување ). Вака произведените цветни расади се расејуваат на повеќе места низ градот каде може да се засадат.На сите зелени површини низ градот и околината кој ги одржува одд. Зеленило при ЈП Плаваја Радовиш, преку целата година се одвиваа следниве активности:

1. **Градски парк (Ловен дом )** – еднаш неделно се чистеше од фрлен отпад, се косеше тревата со моторна грбна косачка во јуни,јули и август, три пати целата површина и уште три пати

само патеките. Во рана пролет се изврши кроење на џбунестите растенија и исушени дрвја.

2. **Радовишка река (корито од радовишка река)** - двапати неделно се чистеше од фрлен отпад и тоа од мостот Бриони до последните куќи под Спортската сала , во месеците – април, мај, јуни, јули,август се косеше тревата со моторна грбна косачка до мостот бриони.Есента се отстрануваше паднатиот лист од дрворедите по кејот од целата површина и од каменестите страници и од тротоарите.
3. **Зелена површина на триаголник на ул. " Илија Алексов"** – На оваа површина има трева се наводнува секојдневно со црево од блиските куќи бидејќи нема систем капка по капка и е над асфалтна површина и има големо испарување на почвата ,а во најголемиот топлотен бран се вршеше наводнување и со цистерна и еднаш неделно се вршеше чистење на фрлен отпад.
4. **Детски парк Марди**- Овде се вршеше наводнување и косење на тревата во сезоната на косење,одржување на хигиената, собирање на есенски лист.
5. **Зелена површина и фонтана во паркот на младите** – На неколку места се засејуваше и нова трева.Се вршеше косење со грбна моторна косачка во целиот период на косење , се чистеше местото и корпите за отпадоци еднаш неделно од фрлен отпад . Наводнувањето беше секојдневно со црево и на тревата затоа што е таму песоклива земјата, секојдневно се чистеа паднатите суви лисја од дрвјата , во есента се изврши кроење на дрвјата.
6. **Кружен тек на ул." 22 ри Октомври" во спој со ул. Партизанска** – тука има тревнат и цветен дел , и украсни мали трендафили. Се косеше тревата со моторна косачка во текот на целиот период за косење ,секој ден се наводнуваше со црево како тревата така и цвеќињата ,се прихрануваше и тревата и цвеќињата, се засадуваа и се прашеа иститe и секој ден се чистеше фрлен отпад .
7. **Спомен парк во сеќавање на 22 Октомври –спроти центарот за култура** – еднаш неделно се чистеше фрлено губре од зелениот појас, се косеше тревата со грбна моторна косачка во

текот на целиот период на косење, во есента се отстранувaa паднати суви лисја од дрвјата, и се вршеше кастрење на џбунестите растенија, собирање и транспортирање до градската депонија со тракторска приколка.

8. **Зелена површина пред стоковната куќа** – овде се косеше тревата со грбна моторна косачка во целиот период на косење , секоја недела се чистеше од фрлен отпад , а есента се собираа паднати суви лисја од дрвјата,се изврши кроење и сечење на дрва .
9. **Зелена површина пред зградата на основниот суд** – Пролетта се изврши поткројување на сите дрвја околу зградата со нивно отстранување и транспортирање до депонијата , се косеше тревата со грбна моторна косачка во целиот период на косење , собирање на сувите паднати лисја од дрвјата 4-5 пати во есентта со нивно товарање во тракторска приколка и нивно транспортирање до градската депонија .
10. **Одржување на дрворедите по кеј 8 Септември и булевар А. Македонски** - Во сезона на кроење – на места каде беше овозможено т.е. каде немаше кабли и паркирани возила се вршеше поткастрување на ниски гранки на дрвјата на кејот од двете страни, на булеварот исто така од двете страни (лево и десно од коловозот ),ул. “22 Октомври “ ,”Ана Поцкова “ и др.но и сечење на стари исушени дрва, со нивно транспортирање до депонијата со тракторска приколка, од нив се собираа во есента секојдневно паднати суви лисја .
11. **Зелена површина позади основен суд** –просторот е целосно обновен и напревено е дел како детско игралиште ,остатокот се косеше за време на целиот период со грбна моторна косачка,а еднаш неделно се чистеше фрлен отпад. Есента се кроеја дрвјата со транспортирање до градската депонија со трактор и се собираа паднати лисја за цела сезона.Голем дел од просторот е пренаменет во паркинг места кои се означени.
12. **Парк Липа на ул. “Бел камен “**- се одржуваше хигиената еднаш неделно , се косеше тревата со грбна моторна косачка во

целиот период на косење ,а истата се наводнуваше во најжешкото со црево, се кастреа ниските гранки .

13. **Зелени површини на шеталиште “св. Спасо Радовишки “** – Со грбна моторна косачка тревнатите места се косеа во целиот период на косење , еднаш неделно се чистеа од фрлен отпад, секојдневно се собираа есента паднати лисја од дрвјата , се одржуваше и засејаната трева.

14. **Зелени површини околу сите станбени згради** – со грбна моторна косачка се косеше тревата во текот на целиот период на косење, еднаш неделно се чистеа од фрлено ѓубре и во есента се отстрануваа сувите паднати лисја од дрвјата се товараа и транспортираа со тракторска приколка и се кроеја дрвата.

15. **Мало булеварче на ул. “Плачковица “**- неколку пати се косеше тревата , се одржуваше хигиената .

16. **Зелена површина пред зградата на о. Радовиш** – површината има тревнат и цветен појас на кој се одржуваше еднаш неделно хигиена , се косеше тревата со грбна косачка и со косачка на туркање во текот на целиот период на косење, но и по наредба на о. Радовиш кога се положуваат цвеќиња на споменикот ,секојдневно се наводнуваше со црево тревата , и цвеќињата се опрашуваа и исто така секојдневно се наводнуваа со црево.И овде цвеќињата се пресадуваа повеќе пати.Кон оваа површина е приспоена и површината пред полицијата на која се одржуваше тревата и цвеќињата со исто темпо како и другата површина.

17. **Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци пред аптека Зегин** – на него се косеше тревата во текот на целиот период на косење со грбна моторна косачка, еднаш неделно се одржуваше хигиена .

18. **Паркот под јаворот кај споменикот на С. Коларов** - еднаш неделно се одржуваше хигиената , есента секојдневно се собираа паднати лисја од јаворот и на асфалтот и во паркот .

19. **Жардинериите поставени на повеќе локации низ градот** - се посадуваа со темјанушки за 8 ми март ,во мај

џунџулиња од сопствено производство кој се опрашуваа , се чистеа од ѓубре еднаш неделно ,се наводнуваа со цистерна .

20. **Зелена површина околу дневен центар UNICEF –** се одржуваше хигиената.

21. **Тротоарите на ул. "Плачковица "-**се косеше тревата во периодот на косење на места каде имаше трева,се одржуваше хигиената.

22. **Зелен појас на триаголник на ул. Плачковица -**се косеше тревата во периодот на косење,се одржуваше хигиената.

23. **Зелени површини и фонтана на плоштад св. Спасо Радовишки -** еднаш неделно се одржуваше хигиената ,а во есента се изврши кроење на зимзелените дрвја .

24. **Влезови на градот Радовиш** - три пати се косеше со грбна моторна косачка тревата во текот на годината заедно со триаголниците пред монополот. На триаголниците со направени декорации со украсен камен се вршеше прскање против плевел, се сечеа џбунови кај старата бензинска, повеќе пати се вршеше хигиена ( чистење на хартии, кутии , најлони паднати или фрлени од возилата и минувачите ) .

25. **Банкини на потег помеѓу бул. А. Македонски и двата влеза на Радовиш -** три пати со грбна моторна косачка се косеше тревата , се кастреа дрва и џбунови кој сметаа на сообраќајни знаци од десната страна на коловозот, повеќе пати се вршеше хигиена ( чистење на хартии, кутии , најлони паднати или фрлени од возилата и минувачите).

26. **Зелена површина околу спортска сала во Радовиш-** неколку пати во годината се чистеше фрлен отпад и др,се косеше тревата со грбна моторна косачка, во есента се вршеше кроење на дрвата и се собираа паднат лист.

27. **Зелената површина на стрелиштето** - се окосуваше со грбна моторна косачка и тоа за време на вежбите за стрелање .

28. **Зеленило на Бул. " Александар Македонски"помеѓу двата коловоза –** се косеше тревата со моторна косачка на туркање 4 пати месечно , се кроеше prunus otto luycen,juniperus procumbens nana, се изврши кроење на сите

дрвца.Наводнувањето е со распрскувачи ,а на горниот дел кај бензинските во летниот период дополнуваме наводнување со цистерна ,се плеви и окопува зелениот појас помеѓу двата кружни текови и се прихрануваа со ѓубре сите зелени површини.

29. **Кружен тек на " А. Македонски " со ул. "И. Алексов " –** површината се косеше со моторна косачка на туркање, се наводнуваше со распрскувачи,копаше ,прихрануваше , се чистеше фрлен отпад и се изврши кроење.

30. **Кружен тек на бул. "А. Македонски " со ул. 22 Октомври** – се одржуваше зеленилото со наводнување, се вршеше прихранување, прашење,косењето беше во текот на целата сезона.

31. **Градски стадион-** по налог на о. Радовиш неколку пати се вршеше косење на површината околу белата линија на стадионот и кај трибините.Исто така се чистеше и фрлен отпад.

32. **Детско игралиште во с. Воиславци-** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

33. **Детско игралиште во с.Сулдурци-** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

34. **Детско игралиште во с. Калуѓерица –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

35. **Детско игралиште во с. Ораовица –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

36. **Детско игралиште во с. Подареш –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

37. **Детско игралиште во с. Јаргулица –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

38. **Детско игралиште во с. Злеово –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

39. **Детско игралиште во с. Ињево –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

40. **Парк и детско игралиште во н. Раклиш –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

41. **Парк во с. Ораовица –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

42. **Тениско игралиште во градинката "Цветови "-** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината и се кроеја дрва.

43. **Ул. Илија Алексов од кружен тек на булеварот А. Македонски до центарот на н. Раклиш –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

44. **Зеленило околу спортско игралиште во дворот на гимназија Коста Сусинов во Радовиш –** оваа година не е извршувано ништо.

45. **Детско игралиште во н. Куклевица на ул. Кирил и Методи-** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

46. **Детско игралиште во н. Куклевица на ул. Вардарска –** површината се чистеше од фрлен отпад и се косеше со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

47. **Сечење и кроење на дрва низ градот и селата –** Се вршеше и сечење и кроење на дрва: за време на временска непогода,по програмата и по дадени решенија од комисијата на ЕЛС о. Радовиш.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ракавици | 144 броја |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | бензин | 1.024,74 литри |
| 3. | Тракторски тури | 90 тури |
| 4. | Вештачко ѓубре | 50 кг. |
| 5. | цвеќе | 870 броја |
| 6. | улје | 18 литри |
| 7. | Семе за трева | 1 кг |
| 10. | требување | 1 број |
| 11. | Работен налог | 3 броја |
| 12. | Отров за мравки | 1 број |
| 13. | Конец за косење | 8.218 метри |
| 14. | Свеќица за косачка | 4 броја |
| 15. | Глава за косачка | 14 броја |
| 16. | Улје двотактол за косачки | 22 литри |
| 17. | Канап за палење | 9 метри |
| 18. | Ланец за моторна пила | 2 броја |
| 19. | Грејс маст | 3 броја |
| 20. | Филтер за воздух | 6 броја |
| 21. | Сајла за гас | 1број |
| 22. | Мач за телескопска пила | 1број |
| 23. | Филтер за гориво | 1 број |
| 24. | Пумпа за масло | 1 број. |
| 25. | Клип за косачка Ф 40 | 1 број |
| 26. | карбуратор | 3 броја |
| 27. | Клип за косачка FS 250 | 1број |
| 28. | Карики за косачка | 5 броја |
| 29. | Палење електроник | 1 број |
| 30. | Лдпе црево 16/33 | 10 метри |
| 31. | Лдпе спојка 16 х16 | 20 броја |
| 32. | Метли | 2 броја |
| 33. | Лопати | 2 броја |
| 34. | Селотејп | 1 број |
| 35. | Цапици за SH86 | 2 броја |
| 36. | Резервоар за горивоFS 450 | 1 број |
| 37 | Магнет за палење FS450 | 1 број |
| 38. | Цилиндар | 1 број |

Заклучок
За реализација на програмата се изготвени посебни ситуации на месечна основа за сите 12 месеци од 2023 г. и истите се доставени до надлежните служби во локалната самоуправа за понатамошна постапка.

Дата 21.02.2024 год.
Радовиш

Изработила:
раководител

ДЗИ Марина Божинова
--------------------------

ВД директор

Дејан Крстев
--------------------------

ПЛАВАЈА
П.О.
Радовиш